Град Скопје

НАЦРТ Б - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

„РАДЕ КОНЧАР“ – Сервис и поправка на електрични производи ДОО - Скопје
Бул.„3-та Македонска Бригада“ бр.52
1000 Скопје

Број на дозвола : 08-1562/10

Содржина

Содржина 2
Вовед 3
Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола 3
Комуникација 6
Доверливост 7
Промени во дозволата 7
Преглед на барани и доставени документи 8
Нацрт Б интегрирана еколошка дозвола 9
1 Услови 9
1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата 10
2 Работа на инсталацијата 17
2.1 Техники на управување и контрола 17
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) 18
2.3 Ракување и складирање на отпадот 19
2.4 Преработка и одлагање на отпад 21
2.5 Спречување и контрола на хаварии 22
2.6 Мониторинг 23
2.7 Престанок со работа 24
2.8 Инсталации со повеќе оператори 25
3 Документација 26
4 Редовни извештаи 28
5 Известувања 29
6 Емисии 30
6.1 Емисии во воздух 30
6.2 Емисии во почва 32
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) 33
6.4 Емисии во канализација 35
6.5 Емисии на топлина 36
6.6 Емисии на бучава и вибрации 36
7 Пренос од пречистителна станица за отпадни води 38
8 Програма за подобрување 39
9 Договор за промени во пишана форма 40
10 Додаток 1 41
10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2 41
11 Додаток 2 42
11.1 Извештаи за податоците од мониторингот 42

Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата.

Дозволата е издадена согласно Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) за работа на инсталацијата што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на РМ“ бр.89/05), до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Предметната инсталација “Раде Кончар – Сервис за поправка на електрични апарати” ДОО – Скопје, се наоѓа во јужната индустриска зона на градот Скопје, во општина Аеродром, Скопје. Компанијата е друштво со ограничена одговорност, каде се врши сервисирање и поправка на електрични производи. Основната дејност за која е регистрирана компанијата е производство на електромотори, генератори и трансформатори (шифра на основна дејност според НКД: 33.14 Поправка на електрична опрема). Планираната инсталација има површина од 301m^2 на КП бр. 1851...., КО Кисела Вода 2.... (имотен лист бр.25802). Просторот за пристап и манипулација околу објектот е сопственост на Раде Кончар - Сервис за поправка на електрични апарати со вкупна површина од 2632 m^2 на КП бр. 1851...., КО Кисела Вода 2..... (имотен лист бр.106760) и е со капацитет за времено складирање на околу 25 трансформатори и до 150 тони на опасен отпад - отпад кој содржи ПХБ (Полихлорирани бифенили).

Деконтаминирањето на складираните тарнсформатори и масла се спроведува периодично, два до три пати во текот на годината. Кондензаторите и останатиот отпад кој нема да може да се деконтаминира, периодично се отстранува надвор од Република Македонија на начин и постапка согласно Базелската конвенција за контрола на прекугранично пренесување на опасни отпади и нивно отстранување. Воедно нивното отстранување е во согласност со македонското законодавство и се одвива во соработка и под надзор на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Проектираниот капацитет за деконтаминација на инсталацијата изнесува 200 тони трансформатори на годишно ниво, но истиот не може со сигурност да се предвиди поради неможноста да се детерминира потребното време за деконтаминација. Проектираниот капацитет за деконтаминација се однесува на иницијална ПХБ контаминација меѓу 50 и 500 mg/kg. Доколку концентрацијата е поголема и времетрањето на процесот на деконтаминација ќе биде подолг, а со тоа последователно ќе се намали капацитетот на инсталацијата.

Инсталацијата ги вклучува следниве сегменти:

- Приемен простор,
- Простор за ракување и третман,
- Посебни простории за секој вид на отпад кој потенцијално содржи ПХБ:
    - Трансформатори кои содржат ПХБ,
    - Кондензатори кои содржат ПХБ
    - Буриња/контејнери со масла кои содржат ПХБ
    - Цврст отпад – контаминиран со ПХБ
- Простор за опрема
- Канцелариски простор
- Санитарни инсталации

Деконтаминацијата од ПХБ е во согласност со Директивата на Советот 59/96/EEC од 16 септември 1996 за отстранување на полихлорирани бифенили и полихлорирани терфенили (ПХБ/ПХТ) која регулира збир на операции кои обезбедуваат повторна употреба, рециклирање и безбедно одложување на опремата која содржи ПХБ, вклучувајќи и нејзина замена. Сите овие операции вклучуваат замена на ПХБ со соодветни течности кои не содржат ПХБ. Во процесот се користи CDP процес кој претставува дехалогенизација на ПХБ со микс на гликоли и алкални бази кои преку реакција со хлорираните состојки присутни во маслото ги заменува атомите на хлор во молекули со водород. Добиените продукти се нормални нетоксични соли апсорбирани од соодветен цврст материјал (глина). Оваа

технологија е во согласност со најдобрите достапни техники и најдобрите практики за животна средина и истиот е во согласност со принципите и критериумите препорачани од IEC 60422 стандардите (изолација на минерални масла во електричната опрема – препораки за мониторинг и одржување реф.член 12.4.2 и 12.4.3).

Постапката за деконтаминација на трансформаторското масло се одвива низ неколку фази:

- Прием на трансформатор,
- Подготовка за работа,
- Цедење на масло од трансформатор (ТР масло)
- Собирање на ТР масло во пластични резервоари,
- Загревање на ТР масло,
- Додавање на реагенс во ТР масло,
- Обработка на ТР масло околу 5 - 6 часа,
- Проверка и утврдување на концентрација на ПХБ во ТР масло,
- Таложење на ТР масло,
- Одвојување на седимент,
- Пакување на седимент во специјални буриња,
- Дополнителна филтрација на ТР масло,
- Плакнење на куќиште на трансформатор,
- Полнење на трансформатор со прочистено масло,
- Селекција на отпад,
- Складирање на отпад,
- Контрола на потрошувачка на струја,
- Контрола на потрошувачка на вода,
- Вреднување на процесот,

Инсталацијата започна со работа 2012 година и, опремата за времено складирање е од најново производство и ги задоволува прописите за безбедност, како на луѓето така и на животната средина.

Во текот на работата од инсталацијата нема да се емитираат штетни загадувачки супстанции во воздухот. Во самиот процес нема да се користи вода и со тоа нема создавање на отпадна индустриска вода. Единствена отпадна вода ќе бидат отпадните санитарни води кои се одведуваат во градскиот канализационен систем. Бучавата се јавува како резултат на работата на два извора DMU E9C - единица за филтрирање и DMU FP.1000. Во текот на работата на оваа инсталација се генерира опасен и неопасен отпад, како резултат на процесот на деконтаминација и на активностите поврзани со одржување и контрола на инсталацијата, за што операторот подготвува План и програма за управување со отпад. Со цел да се унапреди заштитата на животната средина Операторот има извршено имплементација на систем за управување со животна средина ISO 14001:2015.

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на дозволата	Број на дозвола	Дата на издавање
Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи ДОО Скопје	Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 08-2040/12	29.10.2012 година

Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање
Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи ДОО Скопје	/	/

Комуникација

Доколку сакате да комуницирате со Градоначалникот на Град Скопје (во понатамошниот текст: Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, Ве молиме наведете го бројот на оваа дозвола. Комуникацијата со Надлежниот орган остварете ја на адреса: **бул. Илинден бр.82, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.**

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган.

Надлежниот орган ќе ги стави податоците во градскиот регистар, согласно одредбите на Законот за животната средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55 став (2) точка 4. Операторот ќе ја наведе и причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

Промени во Дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност

Преглед на барани и доставени документи

Предмет	Датум	Коментар
Барање бр.17-11689/1	28.12.2018 година	Барањето беше нецелосно и имаше недостатоци
Забелешки на барањето бр.17-11689/2	25.01.2019 година	Доставени се забелешки на барањето од Надлежниот орган до Операторот
Корегирано барање бр.17-1562/1	19.02.2019 година	Доставено е корегирано барање од Операторот
Заклучок бр.17-1562/2	25.02.2019 година	Со заклучок се бараше дополнување на Барањето од Операторот
Корегирано барање бр.17-1562/3	03.05.2019 година	Доставено е корегирано барање од Операторот
Налог за плаќање на надомест бр.17-1562/4	14.05.2019 година	Извршена е уплата од Операторот
Заклучок бр.08 -1562/5	29.05.2019 година	Со заклучок се бараше дополнување на Барањето од Операторот
Одговор по заклучок бр.08 - 1562/6	18.06.2019 година	Доставен е одговор по заклучок од Операторот
Записник од извршен увид бр. 17-1562/7	05.07.2019 година	Извршен е увид на инсталацијата од Надлжениот орган
Достава на комплетно барање до Општина Аеродром бр.17-1562/8	09.07.2019 година	Доставено е Барањето за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола до Општина Аеродром за мислење
Објава на Барањето во дневен печат	08.07.2019 година	Објавено е Барањето во дневен печат
Писмено мислење од Општина Аеродром бр.17-1562/9	31.07.2019 година	Доставено е писмено мислење од Општина Аеродром до Надлежниот орган
Изготвена е Нацрт Б интегрирана еколошка дозвола бр.08-1562/10	21.08.2019 година	Изготвена
Објава на Нацрт Дозволата во дневен печат	година	
Извршен е увид во Инсталацијата бр.	година	
Б интегрирана еколошка Дозвола	година	Изготвена
Решение за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола		Донесено

Нацрт Б - интегрирана еколошка дозвола

Дозвола бр.08-1562/10

Градоначалникот на Град Скопје во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), го овластува

Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи ДОО Скопје
Со регистрирано седиште на
Адреса: **бул. „3-та Македонска Бригада“ бр.52**
Општина: **Аеродром**
Поштенски број, Град: **1000 Скопје**
Држава: **Република Северна Македонија**

Број на регистрација на компанијата: **4242734**

да раководи со Инсталацијата

Цело име на инсталацијата: **Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи ДОО Скопје**
Адреса: **бул. „3-та Македонска Бригада“ бр.52**
Општина: **Аеродром**
Поштенски број, Град: **1000 Скопје**
Држава: **Република Северна Македонија**

во рамките на дозволата и условите во неа.

Градоначалник на Град Скопје

Петре Шилегов

Датум

1 Услови

1.1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

Табела 1.1.1		
Активност од Прилог 2 од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план	Опис на наведената активност	Граници на наведената активност
5.Постапување со отпад Сите инсталации за депонирање, рециклирање или согорување на опасен отпад, согорување на комуналниот отпад, депонирање на неопасен отпад што не влегува во Прилог 1 од оваа Уредба	Складирање на опасен отпад и деконтаминација на трансформатори, чие трансформаторско масло се деконтаминира од присуство на ПХБ односно: - Физички третман на: 13 02 (отпадни моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување); 13 03 (отпадни масла за изолација и за пренос на топлина); 16 02 09* (трансформатори и кондензатори што содржат ПХБ); 16 02 10* (отфрлена опрема што содржи или е загадена со ПХБ поинаква од онаа во 16 02 09); 16 02 14 (исфрлена опрема поинаква од онаа во 16 02 09 до 16 02 13), преку постапка селектирање и сортирање на отпадот до 2 t /ден - Механички третман на: 13 02 (отпадни моторни и трансмисиони масла за изолација и за пренос на топлина) преку постапка филтрација(груба) на отпадот до 2 тони/ден	Активностите на инсталацијата нема да го надминат проектираниот капацитет и тоа: - Деконтаминација на 200 тони/годишно трансформатори чие трансформаторско масло се деконтаминира од присуство на ПХБ односно физички и механички третман на трансформаторско масло до 2 тони/ден - Складирање на 2 тони/ден опасен отпад

1.1.2 Активностите во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана на мапа 1.1.2 и Табела 1.1.2.

Табела 1.1.2	
Документ	Место во документацијата
Корегирано барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/3 од 03.05.2019 година	Прилози, Локација на инсталацијата 41°58'55.4" N 21°27'04.2"E 41°58'57.4" N 21°27'00.4"E 41°58'55.0" N 21°26'58.1"E 41°58'54.3" N 21°27'03.6"E



Макролокација на Раде Кончар – Сервис во однос на РСМ и Град Скопје

Микролокација на Раде Кончар – Сервис - Погон за деконтаминација на ПХБ

Мапа на локација на инсталација со граници 1.1.2

1.1.3 По добивањето на Б-Интегрираната еколошка дозвола, Операторот е должен редовно да врши плаќање на годишниот надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола и на годишниот надоместок за извршен редовен надзор, за период во кој ја поседува и по добивањето на Налогот за плаќање од Надлежниот орган.

1.1.4 Оваа Дозвола е само за потребите на интегрирано спречување и контрола на загадувањето согласно Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и подзаконски акти.

1.1.5 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.1.6 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.1.7 Операторот ќе води евиденција на ПХБ, искористени ПХБ и/или опрема согласно Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата којашто содржи ПХБ („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/07,130/09,52/13, 78/14).

1.1.8 Операторот редовно ќе врши мерење на содржината на ПХБ, а земањето на примероци од маслото ќе се врши во согласност со Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата којашто содржи ПХБ („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/07,130/09, 52/13, 78/14).

1.1.9 Локацијата и просториите во кои ќе биде сместена опремата која содржи ПХБ од надворешна страна ќе биде јасно означена.

1.1.10 Опремата која содржи ПХБ ќе има свој инвентарен број и ќе биде означена со етикета која е во согласност со Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата којашто содржи ПХБ („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/07,130/09, 52/13, 78/14).

1.1.11 Привременото складирање на опремата којашто содржи ПХБ ќе се врши во согласност со одредбите од Правилникот за начинот и условите за складирање на отпадот, како и условите што треба да ги исполнуваат локациите на коишто се врши складирање на отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/07).

1.1.12 Операторот ќе ги почитува начелата од Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги

исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата којашто содржи ПХБ („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/07,130/09, 52/13, 78/14).

1.1.13 Операторот нема да дозволи да дојде до мешање на отпадните масла со неопасен и со друг опасен отпад , особено мешање отпадните масла со ПХБ при нивното собирање, транспортирање, складирање,третман и отстранување.

1.1.14 Операторот при постапувањето со ПХБ нема да одвојува ПХБ од други супстанции со цел повторна употреба, ниту да го меша или разредува со било која друга супстанција.

1.1.15 Операторот ќе ја деконтаминира опремата што содржи ПХБ во трансформаторско масло така што уделот на ПХБ во трансформаторското масло ќе го намали на дел кој што изнесува помалку од 0,05 масени проценти од трансформаторското масло, а доколку е можно и до не повеќе од 0,005 масени проценти.

1.1.16 При постапувањето со ПХБ Операторот не смее да врши:

- одвојување од други супстанции со цел повторна употреба;
- мешање или разредување со било која друга супстанција;
- неконтролирано исфрлање на опремата која содржи ПХБ и искористени ПХБ;
- неконтролирано согорува ПХБ и опрема која содржи ПХБ и искористени ПХБ како и
- постапување на начин кој може да резултира обновување, рециклирање или повторна употреба на ПХБ.

1.1.17 Операторот се задолжува редовно да врши мерења на емисии и истите да ги достави до Надлежниот орган (Додаток 2, Табела Д 2) и тоа на следните видови:

- Испарливи органски соединненија и концентрации на ПХБ во амбиентниот воздух,
- Емисии од бучава во животна средина,
- Испитување на присуство на ПХБ во подземни води и почва

1.1.18. Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, Операторот најитно ќе изврши испитувања на почвата, подземните води и водите за евентуално загадување и ќе постапи согласно точка 2.5 подолу.

1.1.19 Операторот на видно место ќе постави план на кој што ќе бидат прикажани:

- начинот и операциите за складирање на отпадот,
- видот на отпадот со негово место на складирање,
- постапка за работа,
- постапки за итни случаеви,
- мерки за издвојување на отпадот,
- план за заштита од пожари,
- простор за складирање на пакување за отпад, односно празни пластични буриња,

- предвиден максимален капацитет за секое место од локацијата, и
- знаци за опасност на секое место на локацијата и соодветните карактеристики на складираниот отпад.

1.1.20 Б-интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 години. Истата подлежи на ревизија при што доколку има потреба условите зададени во неа ќе се изменат.

1.1.21 Најдоцна една година пред истекот на временската рамка дадена во точка 1.1.20, Операторот е должен да поднесе барање за обновување на дозволата.

2 Работа на инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата согласно условите во оваа Дозвола ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во Барањето за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Инсталацијата за која се издава Дозволата ќе ја контролира обучен персонал кој ќе биде целосно запознаен со условите во Дозволата.

2.1.3 Назначено лице за прашањата и потребите од областа на животната средина е **ВлаткоТрајкоски – Управител за отпад.** Надлежниот орган ќе биде известен во писмена форма за секоја промена на назначеното одговорно лице.

2.1.4 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој ја извршува работата за која се однесуваат некои од барањата во Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.6 Операторот ќе достави копија од оваа Дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа Дозвола.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8 Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавната свест и обука на вработениот персонал за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата на животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја алоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

2.1.10 Операторот има имплементирано ISO 14001:2015 сертификат со важност до 23.06.2020 година и ќе ги почитува и спроведува обврски кои произлегуваат од овој стандард.

2.1.11 Операторот поседува Дозвола за вршење дејност складирање и третман на отпад издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање – Скопје со број УП1-23-1412/2017, со датум на

добивање на дозволата: 02.03.2018 година и со важност до: 02.03.2023 година.

2.1.12 Операторот согласно член 21 став (1) и (2) од од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 27/14, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15 и 39/16) ќе изготви програма за управување со отпад, како и годишен извештај за нејзино спроведување и истите ќе ги доставува до Надлежнио орган и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок и на начин предвиден со истиот закон.

2.1.13 Операторот во своето работење ќе се придржува кон Програмата за работа за локацијата за која е издадена дозволата за вршење дејност складирање и третман на отпад и при било какви измени во истата, ќе ја достави до Надлежниот орган. Обврската за изработка на ваква програма е утврдена во Дозволата за вршење дејност складирање и третман на отпад од точка 2.1.11 погоре.

2.1.14 Назначено лице за областа за управување со отпад – Управител со отпад е **Влатко Трајкоски**.

2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1

Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)

Опис	Документ	Дата кога е примено
L/CDP R1 Реагенс	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр. 17-1562/3, табела од Прилог IV. Дополнување на барање бр.08-1562/6	03.05.2019 година 18.06.2019 година
S/CDP R1	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр. 17-1562/3, табела од Прилог IV. Дополнување на барање бр.08-1562/6	03.05.2019 година 18.06.2019 година
S- CHEDCOS	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр. 17-1562/3, табела од Прилог IV. Дополнување на барање бр.08-1562/6	03.05.2019 година 18.06.2019 година
Филтри (75 микрона)	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр. 17-1562/3, табела од Прилог IV.	03.05.2019 година
Буриња за масло	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр. 17-1562/3	03.05.2019 година

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштето.

2.2.3 Сите суровини односно садови за чување на суровините ќе бидат јасно означени за да се знае нивната содржина.

2.2.4 Со реагенсот **L/CDP – R1** ќе се постапува во согласност со препораките дадени во MSDS листите.

2.2.5 Со реагенсот **S/CDP-R1** ќе се постапува во согласност со препораките дадени во MSDS листите.

2.2.6 Со реагенсот **S-CHEDCOS** ќе се постапува во согласност со препораките дадени во MSDS листите.

2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табелите 2.3.1 и 2.3.2.

Табела 2.3.1: Ракување и складирање на отпадот		
Опис	Документ	Дата кога е примено
Комунален отпад	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/3, табела од Прилог V.	03.05.2019 година
Халогенирани филтер погачи и искористени апсорбенти CDP потрошен реагенс	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/3, табела од Прилог V.	03.05.2019 година
Други филтер погачи и искористени апсорбенти S/SHEDCOS потрошена глина	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/3, табела од Прилог V.	03.05.2019 година
Апсорбенси, филтерски материјали (вклучувајќи филтри за масла неспецифицирани поинаку), платна за бришење, заштитна облека загадена со опасни супстанци.	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/3, табела од Прилог V.	03.05.2019 година
Потрошни филтри од активен јаглен	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/3, табела од Прилог V.	03.05.2019 година

Табела 2.3.2: Отпад складиран на самата локација			
Опис на отпадот	Место на складирање	Начин на складирање	Услови на складирање
Комунален отпад	Во контејнер	Одложување	Склучен договор со овластена фирма која го презема истиот

Халогенирани филтер погачи и искористениапсорбенти CDP потрошен реагенс	Посебно означени буриња за таа намена	Одложување	Склучен договор со овластена фирма која го презема истиот
Други филтер погачи и искористени апсорбенти S/SHEDCOS потрошена глина	Посебно означени буриња за таа намена	Одложување	Склучен договор со овластена фирма која го презема истиот
Апсорбенси, филтерскиматеријали (вклучувајќи филтри за масла неспецифицирани поинаку), платна за бришење, заштитна облека загадена со опасни супстанци.	Посебно означени буриња за таа намена	Одложување	Склучен договор со овластена фирма која го презема истиот
Потрошни филтри од активен јаглен	Посебно означени буриња за таа намена	Одложување	Склучен договор со овластена фирма која го презема истиот

2.3.2 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите.Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.3.3 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамките на работните процедури, Операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елимининација на изворите на отпадоци.

2.3.4 Операторот редовно ќе ги обновува договорите со овластените компании за превземање на сите видови отпад.

2.3.5 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за било каква промена во однос на количините, видовите на отпад и било каква промена во Договорите за превземање на отпад.

2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1.

Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот

Опис	Документ	Дата кога е примено
Цврст и течен отпад	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/3	03.05.2019 година

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.3 Се забранува истурање, фрлање горење или согорување на било каков отпад, вклучително и на опасниот отпад.

2.4.4 Отпадот кој се испраќа за рециклирање или отстранување надвор од локацијата ќе се транспортира само од страна на овластено лице. Транспортот на отпадот ќе се врши само од локацијата на активноста до локацијата на рециклирање/отстранување, на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина и е во согласност со националното законодавство.

2.4.5 За отпадот кој е наменет за транспорт, операторот ќе издава идентификационен формулар и кон него ќе приложи извештај за карактеристиките на отпадот.

2.4.6 Примерок од идентификациониот формулар ќе биде доставен до органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина и до Надлежниот орган.

2.4.7 Се забранува мешање на опасниот отпад со друг вид на опасен отпад , како и мешање со друг вид неопасен отпад.

2.4.8 Операторот е должен да води евиденција за опасниот отпад во согласност со член 39 од Законот за управување со отпадот.

2.4.9 Операторот ќе врши испитување на карактеристиките на опасниот отпад, од страна на овластено акредитирано правно лице.

2.4.10 Со опасниот отпад кој времено ќе се складира ќе се постапува согласно позитивните законски прописи за складирање на опасен отпад.

2.4.11 Опасниот отпад кој е наменет за транспортирање задолжително ќе биде спакуван и означен на соодветно пропишаниот начин со што ќе се обезбеди целосна заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2.4.12 Договорот за собирање и транспортирање на опасниот отпад ќе се склучи со правно лице кои поседува дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад.

2.4.13 Прекуграничното пренесување на опасниот отпад ќе се одвива во согласност со Законот за ратификација на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасниот отпад и негово одлагање („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/97).

2.4.14 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да содржи минимум од следниве детали:

- Имиња/називи на собирачите на отпад;
- Името/називот на лицата кои се одговорни за крајното одлагање/рециклирање на отпадот;
- Крајна дестинација на отпадот;
- Писмена потврда од приемот и одлагањето/ рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата;
- Тонажи и МК код за отпадните материи.

2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1

Табела 2.5.1. Спречување и контрола на несакани дејствија

Опис	Документ	Дата кога е примено
Поглавје XIII Спречување хаварии и реагирање во итни случаи	Корегирано барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/3	03.05.2019 година

2.5.2 Во случај на несреќа операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии,
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа,
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот,
- Идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите,
- Го забележи датумот на несреќата.
- Го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти.

2.5.3 Операторот е должен за настанатата хварија веднаш да го извести Надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите

од областа на животната средина и да му ги достави податоците кои се однесуваат на:

- Околностите во кои се случила хаваријата,
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата,
- Податоците потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата,
- Преземените вонредни мерки.

2.5.4 Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот.

2.5.5 Операторот ќе ги анализира и проверува на секои 3 (три) години предвидените активности и мерки за безбедност, како и начинот на постапување во случај на хаварија и ќе ги обновува доколку настанале промени во инсталацијата, системот, процесот на производство или на видот или количината на опасни супстанции што би имале значително влијание врз можноста за хаварија во рок од 6 (шест) месеци пред да ја направи промената.

2.5.6 Операторот ќе ги направи достапни до јавноста информациите за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија.

2.5.7 Операторот е должен да доставува известување во врска со системите во кои се присутни опасни супстанции, согласно член 147 став (4) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) до Управата за животната средина, до Град Скопје и до општина Аеродром.

2.5.8 Операторот е должен за настаната хаварија, веднаш, да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање, Град Скопје и општина Аеродром, согласно член 151 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1.

Табела 2.6.1. Мониторинг		
Опис	Документ	Дата кога е примено
Поглавје XI Точки на мониторинг на емисии и земање примероци	Барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-11689/1	28.12.2018 година

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

а безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот, и

б безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ИСО стандардите и тоа:

- Земањето примероци од маслото ќе се врши од страна на обучен кадар кој ќе го впишува инвентарниот број на опремата и ќе се врши по стандардите: МКС EN ISO 3170:2006; МКС EN ISO 3171:2009; МКС EN ISO 60475:2012 и МКС EN ISO 60475:2010, од страна на акредитирана лабараторија.
- Утврдувањето на содржината и деконтаминацијата на ПХБ ќе се врши со референтните методи опфатени со стандардите: МКС EN 12766-1:2010, МКС EN 12766-2:2010, МКС EN 12766-3:2007, МКС EN 12766-3:2007/AC 2016 и МКС EN 61619:2006.
- Валидитацијата на методите може да се врши преку скрининг тестови по метода ЕПА 9078 и ЕПА 9079. За пресметување на индикатори за индустриска бучава се применува следниот метод ISO 9613-2:1996, а соодветни податоци за емисија на бучава за овој метод можат да се добијат од мерењата спроведени во согласност со еден од следните методи: ISO 8297:1994; ISO 3744:2010; ISO 3746:2010.

2.6.4 Се задолжува Операторот редовно да доставува извештај од извршените мерења од мониторингот што ќе го врши било која овластена лабораторија акредитирана за мерења на сите параметри наведени во Дозволата. Извештаите по службен пат редовно да се доставуваат до Надлежниот орган и до Секторот за заштита на животната средина при Град Скопје.

2.6.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да се изменат во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

Табела 2.7.1 Престанок со работа		
Опис	Документ	Дата кога е примено
Поглавје XIV Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите	Барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр. 17-11689/1	28.12.2018 година

2.7.2 Согласно Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на РМ“ бр.112/14 и 42/16), Операторот ќе го извести Надлежниот орган за намерата за престанок на активноста, во рок предвиден во програма за подобрување, при што ќе достави детален план за престанок на активноста со временски распоред за извршување на условите утврдени со оваа Дозвола и финансиски импликации.

2.7.3 Планот треба да содржи:

- Изјава за обемот на планот,
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој ќе обезбеди мнинимум влијание врз животната средина,
- Програма за постигнување на наведените критиериуми,
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.7.4 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.5 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животната средина.

2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само 1 (еден) оператор.

2.8.2 Дозволата е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2. од оваа Дозвола.

3 Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

- секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животна средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневникот воден за таа цел;
- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надомест.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

- да бидат читливи
- да бидат направени што е можно побрзо
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на рокот на важност на Дозволата вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надомест.

3.1.7 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за :

- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.
- Количината на отпадот (изразена во тони) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови отпади („Службен весник на РМ“ бр.100/05)
- Имиња на лице/фирма задолжено за транспорт на отпад, како и детали околу добиената дозвола за собирање.
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзино соодветност да го прифати упатениот отпад.
- Писмена потврда за прифаќање и одлагање/преработка на опасен отпад кој е испратен надвор од локацијата.
- Количините и означување на типовите на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови отпади („Службен весник на РМ“ бр. 100/05).

- Состав на отпадот или онаму каде што е можно, опис

3.1.8 Операторот на инсталацијата за која што се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиниот влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и краткото резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи ќе ги чува во дневник за таа цел и за истите ќе го извести Надлежниот орган во најкраток можен рок.

3.1.9 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на Овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид:

- Дозволи поврзани со инсталацијата
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата.
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.1.10 Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба во најкраток можен рок да го извести Надлежниот орган за индциденото и да му поднесе евиденција за истиот.

4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додаток 2:

а во однос на наведените емисиони точки;

б за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 како што е утврдено во оваа Дозвола;

в давањето на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели;

г испраќање на извештај до Надлежниот орган ќе се изврши во рок од 14 дена од денот на извршените мерења од акредитирана лабораторија.

д сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:

а кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

г било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

а перманентен престанок на работата на било кој дел или целата инсталација за кој/која се издава Дозволата;

б престанок на работата на некој дел или целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолг од 1 година;

в повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за која што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б), и

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи

а било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистарската канцеларија;

б промена на податоците за холдинг компанија на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

в за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

6 Емисии

6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката (ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1 ќе потекнуваат само од извор(и) во таа Табела.

Табела 6.1.1 : Емисиони точки/мерни места во воздухот		
Ознака на точка на емисија/мерно место опис	**Извор**	**Локација на точката на емисија**
ММ1	Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи	N 41.982098 E 21.450651
ММ2	Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи	N 41.982125 E 21.450491
ММ3	Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи	N 41.982055 E 21.450890
ММ4	Испуст од вентилационен отвор	N 41.982015 E 21.450711

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табели 6.1.2-а, 6.1.2-б, 6.1.2-в и 6.1.2-г нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од Табелите 6.1.2-а, 6.1.2-б, 6.1.2-в и 6.1.2-г соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување, во поглавје 8 од оваа Дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табелите 6.1.2-а, 6.1.2-б, 6.1.2–в и 6.1.2-г на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во тие Табели.

Табела 6.1.2-а : Граници на емисиите на воздух					
Параметри	**Ознака на точка на емисија**				**Фреквенција на мониторинг**
	ММ1				
	До (датум) на издавање на дозволата	Просечни среднодневни Концентрации (μg/m3)	Од (датум) на издавање на дозволата	Просечни среднодневни концентрации (μg/m3)	
ПХБ (вкупни)		<0,000032		0,003*	Еднаш годишно

Табела 6.1.2-б : Граници на емисиите на воздух					
Параметри	**Ознака на точка на емисија**				**Фреквенција на мониторинг**
	ММ2				
	До (датум) на издавање на дозволата	Просечни среднодневни Концентрации (µg/m3)	Од (датум) на издавање на дозволата	Просечни среднодневни Концентрации (µg/m3)	
ПХБ (вкупни)		<0,000040		0,003 *	Еднаш годишно

Табела 6.1.2-в: Граници на емисиите на воздух					
Параметри	**Ознака на точка на емисија**				**Фреквенција на мониторинг**
	ММ3				
	До (датум) на издавање на дозволата	Просечни среднодневни Концентрации (µg/m3)	Од (датум) на издавање на дозволата	Просечни среднодневни Концентрации (µg/m3)	
ПХБ(вкупни)		<0,000034		0,003*	Еднаш годишно

Табела 6.1.2-г: Граници на емисиите на воздух					
Параметри	**Ознака на точка на емисија**				**Фреквенција на мониторинг**
	ММ4				
	До (датум) на издавање на дозволата	Просечни среднодневни Концентрации (µg/m3)	Од (датум) на издавање на дозволата	Просечни среднодневни Концентрации (µg/m3)	
ПХБ(вкупни)		<0,000122		0,003*	Два пати годишно
ИОС		/			Два пати годишно

6.1.5 Операторот ќе врши редовен мониторинг на емисии во амбиентниот воздух на начин претставен во документот: Барање за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.17-1562/1 од 19.02.2019 година, Прилог XI.

6.1.6 Операторот ќе врши мерење на емисии на испарливи органски соединенија (ИОС), на точка на емисија ММ4, два пати годишно и истите

* Светска Здравствена Организација, Регионална канцеларија за Европа,Копенхаген,упатство за квалитет на воздух

нема да ги надминуваат граничните вредности пропишани со Правилникот за гранични вредности за дозволените нивоа на емисии и видови загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/10).

6.1.7 Емисиите кои потекнуваат од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.8 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки на перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.9 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако поради причини на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се превземат да се минимизира емисијата.

6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема емисии во почва согласно Прилог VII од Барањето за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-11689/1 од 28.12.2018 година.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почвата.

6.2.3 Операторот ќе врши анализа на присуство ПХБ во почва еднаш годишно и во подземни води двапати годишно.

Табела 6.2.1 : Точки на емисија/мерни места во почва

Ознака на точка на емисија/мерно место	Извор	Фреквенција на мониторинг
S1 N:41,981782 E: 21,450237	Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи	Еднаш годишно
S2 N:41,982092 E:21,451001		Еднаш годишно
S3 N:41,98180 E: 21,45033		Еднаш годишно

Табела 6.2.2 : Граници на емисија во почва				
Параметар	**Точка на емисија**	**Емисии во почва**		**Фреквенција на мониторинг**
ПХБ		До датумот на издавање дозвола Вредност mg/kg	Од датумот на издавање дозвола Вредност mg/kg	
	S1	0,0019 – 0,142	0,02 **	Еднаш годишно
	S2	0,0002 – 0,008	0,02 **	Еднаш годишно
	S3	0,0003 – 0,027	0,02 **	Еднаш годишно

Табела 6.2.3 : Точки на емисија/мерни места во подземна вода		
Ознака на точка на емисија/мерно место	**Извор**	**Количество на ПХБ**
W1 N:41,982126 E: 21,450887	Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи	< 0,002 µg/l

Табела 6.2.4 : Граници на емисија во подземна вода			
Параметар	**Точка на емисија W1**		**Фреквенција на мониторинг**
	До датум на издавање дозвола Вредност µg/l	Од датум на издавање дозвола Вредност µg/l	
ПХБ	< 0,002 µg/l	< 0,01 µg/l ***	Два пати годишно

6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Нема емисии во површински води, а видно од Барање за добивање Б интегрирана еколошка дозвола бр.17-11689/1 од 28.12.2018 година, Прилог VII .

** Уредба за програмата за системски мониторинг на квалитетот на почвата, индикаторите за проценка на ризикот од деградација на почвата и методологијата за подготовка на програми за ремедијација (Службен гласник на Р.Србија бр, 88/10, 30/18) (земја кандидат за членство во ЕУ)

*** Уредба за програмата за системски мониторинг на квалитетот на почвата, индикаторите за проценка на ризикот од деградација на почвата и методологијата за подготовка на програми за ремедијација (Службен гласник на Р.Србија бр, 88/10, 30/18) (земја кандидат за членство во ЕУ) и Насоки за ремедијација на почва од 2009 година на Кралството Холандија (земја членка на ЕУ)

Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода		
Ознака на точка на емисија	**Извор**	**Количество**
	Нема емисии во вода	

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период. Со оглед на тоа што нема емисии во вода, табелата 6.3.2 не е пополнета.

6.3.3 Временските периоди од 6.3.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 8 од оваа дозвола. Со оглед на тоа што нема емисии во вода, табелата 6.3.2 не е пополнета.

6.3.4 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела. Со оглед на тоа што нема емисии во вода, табелата 6.3.2 не е пополнета.

Табела 6.3.2 : Граници на емисија во вода					
Параметар	Точка на емисија		Точка на емисија		Фреквенција на мониторинг
	До (датум)	Од (датум)	До (датум)	Од (датум)	
	Вредност	Вредност	Вредност	Вредност	

6.3.5 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата. Со оглед на тоа што нема емисии во вода, табелата 6.3.2 не е пополнета.

6.3.6 Операторот ќе зема примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со (наведи) фреквенција – неприменливо со оглед на тоа што нема емисии во вода од предментата инсталација на Операторот.

6.3.7 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во површинските води.

6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела. Потточките 6.4.1, 6.4.2, 6.4.3 и 6.4.4 не се применливи бидејќи Операторот нема емисии во канализација од работата на инсталацијата.

Табела 6.4.1 : Точки на емисија во канализација		
Ознака на точката на емисија	**Извор**	**Канализација**
	Нема емисии во канализација	

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавје 8 од оваа Дозвола.

Табела 6.4.2: Граници на емисии во канализација					
Параметар	**Точка на емисија**		**Точка на емисија**		**Фреквенција на мониторинг**
	Од (датум)	Вредност (ГВЕ)	Од (датум)	Вредност (ГВЕ)	

6.4.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.4.3а и 6.4.3б на точките на емисија и не е поретко од наведеното во Табела.

6.4.5 Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание врз нејзиното одржување согласно член 23 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/04, 28/06, 103/08).

Табела 6.4.3а Барања за мониторинг за канализација (се до и вклучувајќи_____)		
Параметар	**Точка на емисија**	**Точка на емисија**
	Наведи ја фреквенцијата и начинот	-
	Наведи ја фреквенцијата и начинот	-
	Наведи ја фреквенцијата и начинот	-
		-
		-
		-
		-
		-

Табела 6.4.3б Мониторинг на канализација (од _____)		
Параметар	**Точка на емисија**	**Точка на емисија**
		-
		–
		-
		-
		-
		-

6.4.6 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Нема термално испуштање кое ќе влијае врз животната средина.

6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство - Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/09), Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/08) и Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08), табела 6.6.1

Табела 6.6.1: Емисии на Бучава dB (A)			
	Преку ден	Преку ноќ	Се однесува на
Подрачје со IV степен на заштита од бучава	70	60	Постоечката локација на инсталацијата на Операторот

Табела 6.6.2: Гранични вредности на индикатори на бучава во животната средина			
Параметри	Мерни места: ММ1: N 41^0 58’ 57.45” E 21^0 26’ 59.85” ММ2: N 41^0 58’ 54.81” E 21^0 26’ 57.58” ММ3: N 41^0 58’ 55.6” E 21^0 26’ 58.8” ММ4: N 41^0 58’ 55.0” E 21^0 27’ 03.1”		Фреквенција на мониторинг
	Од (датум)	L(dB)	
L д	Од денот на издавање на дозволата	≤ 70	Два пати годишно
L в	Од денот на издавање на дозволата	≤ 70	Два пати годишно
L н	Од денот на издавање на дозволата	≤ 60	Два пати годишно

6.6.2 Операторот ќе врши мерење на нивоата на бучавата на локацијата два пати годишно на мерните места определени во табела 6.6.2.

6.6.3 Нивото на емисиите на бучавата нема да ја надмине границата од 70 dB (преку ден) и 60 dB (преку ноќ) надвор од локацијата на инсталацијата, согласно пропишаната граница на дозволена бучава во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 147/08) и Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/09) (согласно табела 6.6.2).

7 Пренос од пречистителна станица за отпадни води

8 Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

Табела 8.1.1 : Програма за подобрување

Ознака	Мерка	Датум на завршување
8.1	Промена на постоечките неонски светла со ЛЕД	До крајот на 2019 година
8.2	Проценка на ризик од еколошка штета во Раде Кончар - Сервис	До крајот на 2020 година
8.3	Донесување (подготовка) на План за управување со хемикалии	До крајот на 2020 година
8.4	Донесување (подготовка) на План по престанок со работа	До крајот на 2019 година

8.1.2 Операторот ќе ја спроведува програмата за подобрување која е составен дел на барањето онака како што е писмено договорено со Надлежниот орган.

9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството или како што е друго договорено написмено се користи со услов од дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола и

б Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува за тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на:

- Материјална промена или зголемување на
  - Природата или количината на било која емисија
  - Системите за намалување/третман или преработка
  - Опсег на процесите што се изведуваат
  - Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или

- Било каква промена на:

  - Инфраструктурата
  - Управувањето со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание врз животната средина

Ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

10 Додаток 1

10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на оддетален лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласно со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

Дел А

☐ Име на операторот.
☐ Број на дозвола.
☐ Локација на инсталацијата.
☐ Датум на доставување на податоци.
☐ Време, датум и локација на емисијата.
☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :
☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.....
☐ Потпис ☐ Датум
☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

11 Додаток 2

11.1 Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу

Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот

Параметар	Точка на емисија/мерно место	Период за давање извештаи	Почеток на периодот
Емисија од бучава	ММ1; ММ2; ММ3; ММ4;	Два пати годишно	По издавањето на дозволата (Април-Мај) (Септември-Октомври)
Емисија на испарливи органски соединенија (ИОС)	Вентилационен отвор (ММ4)	Два пати годишно	По издавањето на дозволата (Април-Мај) (Септември-Октомври)
Концентрација на ПХБ во амбиентниот воздух	Вентилационен отвор (ММ4)	Два пати годишно	По издавањето на дозволата (Април-Мај) (Септември-Октомври)
Концентрација на ПХБ во амбиентниот воздух	ММ1; ММ2; ММ3;	Еднаш годишно	По издавањето на дозволата (Април-Мај)
Концентрација на ПХБ во подземни води	W1	Два пати годишно	По издавањето на дозволата (Април-Мај) (Септември-Октомври)
Концентрација на ПХБ во почва	S1; S2; S3;	Еднаш годишно	По издавањето на дозволата (Април-Мај)
Евиденција на инциденти	На место на инцидентот	Во најкраток можен рок од настанот на инцидентот	По издавање на Дозволата, во најкраток можен рок од настанот на инцидентот
Доколку се констатира дека концентрациите на емисиите ги надминува концентрации дадени во 6.1.2. и 6.1.8., бројот на анализите во тековната година ќе се интензивира во зависност од добиените резултати и во договор со надлежниот орган.			